# План за управување со животната средина и социјални работи

## - Контролна листа со мерки -

### Под-проект: Реконструкција на ЗД Неготино, здравствена станица Демир Капија, со мерки за енергетска ефикасност



**Скопје, март 2023**

## Содржина


**Дел 1. Мерки за ублажување на влијанијата врз животната средина и социјалните работи ....2**

**Дел 2: Мониторинг план за следење на спроведувањето на мерките за ублажување на влијанијата ........ 15**

**АНЕКС 1: Образец за жалба за градежна фаза од проектот ........ 22**

**Анекс 2: Клучни елементи кои треба да се земат во предвид за Планот за организација на градилиштето ........ 23**

**АНЕКС 3: Симулација на потенцијал за заштеда на енергија во стандардизирана состојба . 26**

## Дел 1. Мерки за ублажување на влијанијата врз животната средина и социјалните работи

**Подготвителни и градежни работи за реконструкција на *ЈЗУ ЗД Неготино, здравствена станица Демир Капија*, со мерки за енергетска ефикасност**

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | ЛИСТА НА МЕРКИТЕ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЈАТА | ОДГОВОРНОСТ |
|---|---|---|---|
| **0**.Општи услови што треба да се обезбедат за време на подготвителната фаза | Безбедност на заедницата,<br><br>Известувања и безбедност и здравје при работа на работниците | **1.** Мерки за безбедност и здравје при работа за заедницата:<br><br>Корисниците на услугите на *ЈЗУ ЗД Неготино, Здравствена станица Демир Капија* треба да бидат известени за градежните работи преку соодветно воспоставен механизам на ***известување*** преку медиумите и/или јавно достапни сајтови и табли на јавните институции (вклучувајќи го сајтот на **Општината** (https://opstinademirkapija.gov.mk/) огласни табли со информации за локалното население/корисниците);<br><br>Градежните инспектори и инспекторите за заштита на животната средина од Општина Демир Капија треба да бидат известени за проектните активности;<br><br>За проектните активности треба да се обезбедени сите законски потребни дозволи;<br><br>Подготовка и имплементација на ***План за управување со градилиштето*** во комуникација со раководството (одборот на корисници) на здравствената станица, дефинирање на распоред за изведување на градежните работи што нема да го загрози нормалното функционирање на здравствената станица и здравствената заштита на пациентите:<br><br>- Временски распоред за градежните работи за целиот простор во фази, координација на работите со медицинскиот персонал на здравствената станица; Изработка на шема за движење на работниците и конкретни работи во сите делови на зградата, како што е предложено во проектната документација;<br><br>- Соодветно поставување на знаци и упатства на проектната локација со кои ќе се информираат работниците за клучните правила и прописи кои треба да ги следат;<br><br>- Обезбедување на соодветно обележување во и надвор од градежната локација;<br><br>- Поставување на предупредувачки ленти со сигнализација за забранет влез на невработени лица.<br><br>- Целата работа треба да се изврши на безбеден и дисциплиниран начин со цел да ги минимизира влијанијата врз работниците, пациентите, здравствените работници, населението кое се наоѓа на проектната локација и врз животната средина.<br><br>- Преглед на подвижните ствари кои ќе бидат оставени во објектот за време на реконструкцијата и план за нивна заштита во текот на изведбата.<br><br>**2. Мерки за безбедност и здравје при работа за работниците:** | • Изведувачот ги подготвува плановите во комуникација со институцијата-корисник<br>• Надзор<br>• Општински персонал (комунален инспектор/ градежен инспектор)<br>• Претставник на здравствената станица |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Подготовка, одобрување и имплементација на **Елаборатот за безбедност и здравје при работа** за градилиштето, вклучувајќи делови за безбедносните мерки на Заедницата и мерки за превенција од Ковид-19:<br><br>- Треба да се применат мерки за здравствена заштита и безбедност на работниците (прва помош, заштитна облека за работниците, соодветни машини и алати);<br><br>- Работниците кои ќе бидат ангажирани треба да се придржуваат до меѓународно прифатените добри практики (секогаш ќе носат капи/шлемови, маски и заштитни очила, ремени и заштитни чизми);<br><br>- Одделување на работните површини од површините каде што се вршат градежните активности и зафатените површини на зградата што е можно повеќе со употреба на физички бариери;<br><br>- Распоредот за чистење на зградата треба да се интензивира за да се надмине проблемот со дополнителна прашина и нечистотија создадена од рушењето;<br><br>- Следење на безбедносните упатства за складирање, транспорт и дистрибуција на опасни материјали со цел да се минимизира потенцијалот за злоупотреба, излевање и случајна изложеност на луѓето (посебен дел за опасен отпад е изработен под точка „**Е**“);<br><br>- Со опремата треба да ракува само искусен и обучен персонал, со што се намалува ризикот од несреќи;<br><br>**3. Спроведување на предлог мерките за заштита од Ковид 19 донесени од Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за заразни болести и Министерството за здравство:**<br><br>- Бидете во тек со најновите упатства /препораки објавени од официјалните власти;<br><br>- Назначување на лице од страна на Изведувачот кое ќе биде одговорно за следење на мерките усвоени од страна на Владата и ќе ги применува при градежните активности на градилиштето, кога е применливо;<br><br>- Да се обезбеди спроведување на сите потребни барања преку обезбедување на потребната заштитна лична опрема за сите работници на лице место според предложените мерки: водење евиденција за случаите со КОВИД 19, поддршка на работниците кои се во карантин и редовно информирање на официјалните институции за евидентираните лица, кога е применливо.<br><br>- Спроведувањето на мерките за КОВИД - 19 кои се поврзани со безбедност и здравје при работа за време на пандемија со КОВИД – 19 се дадени на сајтот: koronavirus.gov.mk, кога е применливо.<br><br>***На локацијата предвидена за изведување на градежните работи согласно предмерот на основниот проект се очекува појава на отпад од азбест.*** | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Државен санитарен и здравствен инспектор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **4. Мерки за безбедност и здравје при работа за случаи на материјали што содржат азбест (АМ):**<br>- Поставување на знаци „ОТСТРАНУВАЊЕ НА АЗБЕСТ – ЗАБРАНЕТ ВЛЕЗ“ во дворното место каде се изведуваат градежните работи;<br>- Да се ограничи пристапот до областа за отстранување само на оние луѓе кои се директно вклучени во отстранувањето на азбестот, Надзорот на проектот и општинските инспектори;<br>- Покривот треба да се замени во неработни денови за да се намалат здравствените ризици за корисниците на зградите;<br>- Да се постави лента за забрана за движење и предупредувачки знаци во близина на зградата;<br>- Опремата за лична заштита на работниците да биде обезбедена за сите работници (покривање на целото тело вклучувајќи глава, водоотпорна заштита за стапалата и рацете и заштита на очите, маска за прав со специјален HEPA филтер);<br>- Одржување на високо ниво на лична хигиена (објектот за миење раце и лице треба да биде достапен и треба да го користи секој вработен кога го напушта работното место, сета заштитна облека и опрема треба да се носи на работното место, обувките треба да се чуваат во работните простории до завршување на работата);<br>- За време на изведба на работите на локацијата треба да се обезбедат комплети за здравствена заштита-прва помош и медицинска заштита;<br>- Не е дозволено пушење, пиење, јадење или џвакање во внатрешниот дел од работната простории;<br>- Работниците кои се занимаваат со отстранување на покривните табли или друг градежен материјал што содржи азбест мора да бидат обучени за отстранување на таков опасен отпад (да поседуваат сертификат); Надзорот треба да одобри список на работници кои поседуваат сертификати според *Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработените за ризици поврзани со изложеност на азбест при работа (Сл. весник на РМ бр. 50/09)*.<br>- Околината треба да се одржува чиста, без отпадот од АМ да се отстранува таму. Отпадот од АМ (покривните табли) треба да се собере, спакува и веднаш да се отстрани од дворот на зградата.<br>**5. Мерки за противпожарна заштита:**<br>Да се назначи лице од страна на Изведувачот, кое на локацијата ќе биде одговорно за заштита од пожари;<br>Процедурите во случај на пожар им се добро познати на сите вработени; | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Државен инспектор за животна средина |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Треба да се обезбеди постојано присуство на уреди за гаснење пожар во случај на пожар или друга штета. Нивната позиција треба да им се соопшти на работниците и истата видно да се означи. Нивото на противпожарна опрема мора да се процени преку типична проценка на ризикот. | |
| **0** .Општи услови што треба да се обезбедат за време на подготвителната фаза | Превенција на несреќи | Градежните машини и опремата треба да бидат во исправна состојба;<br>На проектната локација треба да има комплет за спречување на излевање на масла со што ќе се спречи понатамошно излевање;<br>Противпожарните апарати на проектната локација треба да бидат во исправна состојба;<br>Работните простории, вклучувајќи ги и внатрешните простории мора да бидат заштитени со предупредувачка лента. | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Општински персонал (комунален инспектор/ градежен инспектор) |
| | Работнички права | Идентификација на бројот и видот на работници;<br>Да се изнајде начин на минимизирање/контрола на движењето во и надвор од градежната локација во рамките на Планот за управување со градилиштето;<br>Спроведување на процедури со кои се потврдува дека работниците се способни за работа пред почетокот со работа, обрнувајќи посебно внимание на работниците со веќе идентификувани здравствени проблеми или оние кои на друг начин може да бидат изложени на ризик;<br>Спречување на болен работник да влезе во градилиштето, негово упатување да се јави во здравствена установа доколку е потребно, или барање да се изолира дома во период од 7 дена (или зависно од со закон предвидениот рок). | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Градежен инспектор на општина Демир Капија<br>• Државен инспектор за труд |
| **А.** Активности за реконструкција на зградата | Квалитет на воздухот | Употреба на заштитни маски за работниците при зголемени емисии на прашина;<br>Возилата и градежната механизација треба да се усогласат со релевантните стандарди за емисија со приложување на докази од производителот и сервисна книшка за редовно одржување;<br>Потребни се редовни (плански и периодични) и вонредни технички прегледи на возилата и механизацијата со цел да се обезбеди нивна максимална исправност и функционалност, односно да се намали можноста од истекување на моторните масла, емисии и дисперзија на загадувањето;<br>Товарот на возилата при транспорт по јавните патишта треба да биде покриен со церада за да се спречи емисија на прашина;<br>Проектната локација, рутите за транспорт и местата за ракување со материјалите треба да се испрскаат со вода во суви и ветровити денови за да се минимизира негативниот ефект од емисијата на прашина; | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Инспектор за животна средина |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Градежните материјали треба да се складираат на соодветни покриени места за да се минимизира прашината;<br>Согорување на отпадоци на отворен простор не е дозволено. | |
| | Бучава | Употреба на соодветна и технички исправна опрема и механизација со поседување на Изјава за усогласеност за создавање бучава на отворен простор под 102 dB(A); Возилата кои го пречекоруваат дозволеното ниво на бучава нема да се управуваат додека не се преземат мерки за нивна поправка.<br>Нивото на бучава не треба да ги надминува пропишаните гранични вредности за нивото на бучава во животната средина - локацијата на проектот се наоѓа во област со II степен на заштита од бучава, што значи дека нивото на бучава не треба да надминува 45 dB во текот на ноќта и 55 dB во текот на вечерта и денот;<br>Градежните работи треба да се изведуваат од 7.00 до 22.00 часот како што е договорено со одборот на корисници на амбуланта со цел да се овозможи непречен пристап на корисниците до здравствените услуги.<br>Работниците мора да користат заштитни тампони при зголемено ниво на бучава. | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Комунален инспектор / Инспектор за животна средина |
| | Квалитет на вода и заштита на почвата | Прекин на работните активности при неконтролирано излевање на гориво, масло, лубриканти и хемикалии. Во случај на загадување на почвата од истечени масти и масла, целиот површински слој од почва треба да се отстрани, потоа да се исчисти локацијата и да се следат процедурите и мерките за управување со опасниот отпад;<br>Во случај на какво било истекување за време на градежните активности, со цел да се избегне контаминација на областа потребно е да се собере истекувањето на лице место и да се стави во привремен контејнер за чување;<br>Забрането е привремено или трајно одложување на било каков отпад во близина на водните текови; Забрането е да се врши сервисирање на возилата и механизацијата која се користи за време на изведување на градежните активности на предметната локација (градилиштето);<br>Да се спречи колку што е можно, истекување на нафта и други загадувачи во водата и на почвата;<br>Строго е забрането привремено или конечно одлагање на отпадот во близина на река Бошава со цел да се спречат можните негативни влијанија врз површинските води и речните текови. | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Инспектор за животна средина |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Управување со отпад | Подготовка и спроведување на Планот за управување со отпад; Мора да биде разгледан и одобрен од страна на Надзорниот орган; Различните видови отпад што би можеле да се создадат на градилиштето треба да се идентификуваат и класифицираат според Листата на отпад (Службен весник бр. 100/05) според Предмерот од основниот проект;<br>Можностите за повторна употреба / рециклирање на создадените видови неопасен отпад ќе се земат во предвид во согласност со националното законодавство за отпад, такашто ќе се склучат договори со **лиценцирани компании** (валидни дозволи за управување со отпад и транспорт на отпад) за превземање на различни видови на отпад;<br>За неопасниот отпад од градење и рушење кој нема да биде предаден на лиценцирани компании и ќе мора да се одложи на депонијата за градежен шут што се наоѓа северозападно од градот Демир Капија на оддалеченост од околу 3 km. До самата депонија води асфалтен пат. Изведувачот е должен за тоа да ја извести Општина Демир Капија и да добие одобрение.<br>Азбест-цементните плочи не смеат да се кршат за време на процесите на отстранување и ракување. Откако ќе се отстранат, тие мора да бидат спакувани и обележани согласно Правилникот за начинот на постапување со отпад од азбест и со отпад од производи кои содржат азбест („Службен весник на Република Македонија“ бр. 89/06) и да бидат транспортирани до депонијата „Дрисла“ (на растојание од 109 km од проектното подрачје). За сите видови на отпад од градење и рушење, Изведувачот треба да склучи договор со овластени компании за управување со различни видови отпад (вклучувајќи го и опасниот отпад), заради негово предавање на овие комапнии.<br>Малото количество цврст комунален отпад (од пијалаци, храна) од работниците ќе се предава во јавно достапните контејнери поставени од ЈКП во непосредна близина на локацијата,<br>Комуналното претпријатие ЈКП „Бошава“ е одговорното за собирање и транспортирање на цврстиот комунален отпад во рамки на општина Демир Капија, кое го депонира овој вид на отпад на депонија за комунален отпад и градежен шут која се наоѓа на околу 3 km северозападно од град Демир Капија ;<br>Идентификација на опасниот и неопасниот отпад и селекција на локацијата на проектот: Поголемиот дел од отпадот ќе биде класифициран како Отпад согласно Поглавје 17 „Шут од градење и рушење“ со различни шифри за отпад;<br>Градежниот (инертен) отпад треба да се одвојува од комуналниот отпад, течниот и медицинскиот отпад на лице место, со селектирање на определената локација во дворот на здравствената станица која изведувачот е должен да ја огради;<br>Градежниот отпад не смее да се комбинира и привремено да се отстранува заедно со медицинскиот отпад од здравствената станица;<br>Евиденцијата за транспортот на градежниот шут и неговото конечно одлагање на општинската депонија „Кош“ ќе се ажурира редовно и ќе се архивира како доказ за правилно управување;<br>Демонтираните стари светилки ќе се класифицираат според Законот за управување со | • Изведувач<br>• Надзор<br>• ЈКП на општина Демир Капија за собирање и транспорт на цврст комунален отпад<br>• Општински персонал (комунален инспектор/инспектор за животна средина) |

Field Code Changed

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 176/2021), категорија 3;<br><br>Отпадот од пакување (хартија, картон, пластични фолии и сл.) ќе се класифицира согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215 од 2021);<br><br>Материјалите треба да бидат покриени за време на транспортот за да се избегне дисперзија на отпадот;<br><br>Забрането е палење на секаков отпад на локацијата.<br><br>Планирање на информативна сесија за работниците за селекција на отпадот во текот на изведба на работите;<br><br>Употреба на безбедносен лист за материјали за сијалиците Е27 за работни и безбедносни мерки на претпазливост за операторите (при фрлање на светилки или ракување со скршено стакло треба да се носи соодветна заштита за раце и очи);<br><br>Евиденцијата за испорака на отпад на лиценцирани компании, транспортот и конечното депонирање редовно ќе се ажурираат и архивираат како доказ за правилно управување; Истите ќе се доставуваат до надзорниот инженер и ЕСП.<br><br>За можниот опасен отпад (моторни масла, горива за возила) треба да се назначи овластена компанија за собирање на отпадот за негово правилно собирање и отстранување. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Механизам за поплаки | ЕСП во рамките на ПЕЕЈС како одговорна институција за спроведување на проектните активности ќе воспостави механизам за два вида на поплаки: Образец за поплаки на здравствените работници / Образец за поплаки на вработените на градилиштето и Образец за поплаки од општата јавност. Формуларите за поплаки ќе бидат достапни на локацијата каде што ќе се одвиваат активностите, како и на веб-страницата на ПЕЕЈС;<br><br>Сите коментари/загрижености/поплаки може да се доставaт до Ј*ЗУ ЗД Неготино, ЗП Демир Капија* и ПЕЕЈС on-line, вербално (лично или по телефон) или писмено со пополнување на Формуларот за поплаки за проектот (со лична испорака, пошта, факс или е-пошта до лицето за контакт на ПЕЕЈС). Поединците кои поднесуваат коментари или поплаки имаат право да бараат нивното име да биде доверливо. Поплаките може да се поднесуваат анонимно, иако во такви случаи, лицето нема да добие никаков одговор. На сите коментари и поплаки ќе се одговори или вербално или писмено, во согласност со претпочитаниот метод на комуникација наведен од подносителот на жалбата, доколку се дадени податоци за контакт на подносителот на жалбата.<br><br>Подносителот на жалбата ќе биде информиран за предложената корективна акција и следењето на корективните мерки во рок од 15 календарски дена по добивање на жалбата. Потврдата ќе се изврши во рок од 48 часа. | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Социјален експерт ПЕЕЈС<br>• Овластено лице од здравствената станица |
| **В.** – Индивидуален систем за третман на отпадни води | Квалитет на вода | Не е релевантно<br><br>Здравствената станица е поврзана со системот за собирање на комунални отпадни води на град Демир Капија.<br><br>Градежните возила и механизацијата ќе се мијат само во точно одредени локации каде што истекувањето нема да ги загадува површинските водни текови. | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Општинско одделение за комунални работи/инспектор за животна средина |
| **Д.** Историски градби | Културното наследство | Зградата не е класифицирана како историска градба, ниту се наоѓа во одредена историска област.<br><br>Треба да се внимава и осигура воспоставените регулативи во случај на идентификување на артефакти или други можни „случајни наоди“ да бидат забележани и регистрирани, ако истите се најдат при ископувањето или изградба, да се контактираат одговорните службеници, а работните активности да се одложат или изменат во согласност со таквите откритија. Постапката за пронаоѓање на случајни наоди е постапка специфична за проектот која ќе се следи доколку за време на проектните активности се открие претходно непознато културно наследство. Постапката вклучува известување на релевантните органи за пронајдените предмети или локации од експерти за културно наследство; оградување на локацијата каде се идентификувани наодите за да се избегне понатамошно оштетување; проценка на пронајдените предмети или локалитети од експерти за културно наследство; активностите за идентификување да се спроведат во согласност со барањата на стандардите на Светска Банка и националното законодавство; | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Општинско одделение за комунални работи /Министерство за култура |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Да се обучи проектниот персонал и проектните работници за процедури за „случајни наоди“. | |
| **E.** Откуп на земјиште | План/Рамка за откуп на земјиште | Не е релевантно | |
| **F.** | Управување со азбест | Персоналот задолжен за отстранување на евентуални материјали што содржат азбест треба да биде обучен за правилно безбедно демонтирање на покривните плочи со што се минимизираат здравствените ризици;<br>Треба да се направи идентификација на материјалот-отпадот што содржи азбест како опасен отпад;<br>Отпадот АМ треба да се класифицира како опасен отпад според „Правилникот за начин на управување со отпад од азбест и отпад со производи што содржат азбест“ (Службен весник на РМ бр. 89/2006) со шифра за отпад 17 06 05* – Градежни материјали кои содржат азбест согласно Листа на отпад (Службен весник на РМ бр. 100/2005);<br>Уривањето и отстранувањето на покривните плочи на АМ треба да се направи многу брзо од страна на обучен персонал;<br>Отпадот од АМ треба да се става во полиетиленски кеси или други контејнери со дебелина од најмалку 0,15мм;<br>На надворешната површина на контејнерот/кесата мора да се постават печатени предупредувачки етикети за азбест ;<br>Забрането е кршење на покривните плочи на АМ на помали парчиња за да се вклопат во контејнерот/кесата;<br>Со покривните плочи треба да се ракува многу внимателно и да се вадат плоча по плоча во еден дел, да не се скршат бидејќи кога намерно се кршат се појавуваат азбестните влакна и прашината, кои претставуваат ризици по здравјето;<br>Подобро е да се избегнува привремено складирање на покривните плочи во дворот на здравствената станица, но доколку е потребно, за еден/два дена, да се применуваат мерките на претпазливост – отпадот од АМ да се складира на одреден простор со поставена ознака и / или лента за претпазливост за да се елиминира каква било штета;<br>Привремено складираните кеси/контејнери што содржат отпад од азбест треба да бидат означени како „Отпад од азбест“<br>Треба да се потпише договор со компанија за собирање и транспортирање на отпад од азбест за собирање и транспорт на азбестниот отпад/покривни плочи;<br>По отстранувањето на азбестниот отпад, сите површини во дворот на здравствената станица треба да се изметат и пребришат со влажна крпа или да се вакумираат со ХЕПА филтер; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Работниците кои ќе чистат треба да носат заштитна облека, како и оние кои вршат демонтирање на покривните плочи;<br>Треба да се потпише договор со Јавното комунално претпријатие „Депонија Дрисла “ за конечно отстранување на покривните плочи што содржат азбест;<br>На депонијата отпадот што содржи азбест треба да се депонира на посебен простор за одлагање на ваков вид отпад. | |
| | Управување со токсични / опасни материјали и отпад | Привремено складирање на сите опасни или токсични материи (вклучувајќи отпад) на локацијата, ќе биде во безбедни контејнери означени со детали за составот, својствата и информациите за ракување;<br>Контејнерите со опасни материи, вклучително и отпадот, мора да се чуваат затворени, освен кога се додаваат или отстрануваат материјали/отпад. Тие не смеат да се ракуваат, отвораат или складираат на начин што може да предизвика нивно истекување;<br>Контејнерите со опасни материи треба да се стават во контејнер отпорен на истекување за да се спречи излевање и истекување. Овој контејнер ќе поседува секундарен систем за задржување како што се ленти (на пр. контејнер со лента), двојни ѕидови или слично. Секундарниот систем за задржување мора да биде без пукнатини, за да може да го задржи излевањето и брзо да се испразни;<br>Опасниот отпад (вклучително и медицинскиот отпад) не смее да се меша со друг инертен или комунален цврст отпад;<br>Евентуалниот опасен отпад (моторни масла, горива за возила, мазива) треба да се собира посебно и да се склучи поддоговор со овластена компанија за транспорт и негово конечно отстранување;<br>Опасниот отпад ќе се отстранува само на лиценцирана депонија „ Дрисла “ или ќе се преработува во лиценцирани постројки за преработка;<br>Нема да се користат бои со токсични состојки или растворувачи или бои на база на олово; Содржината на состојките мора да биде одобрена од Надзорот;<br>Опасниот отпад се транспортира од специјално лиценцирани превозници и се отстранува во лиценциран објект.<br>Обезбедете му на персоналот за чистење соодветна опрема за чистење, материјали и средства за дезинфекција. | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Општински и државни инспектори за животна средина |
| **G.** Погодени шуми, мочуришта и/или заштитени подрачја | Заштита | Во близина на градежната активност направен е попис на високи зимзелени и листопадни дрва на североисточната, источната, северната и јужната страна на предметната болничка зграда. Од увидот на терен заклучено дека со добра организација во горниот дел на фасадата односно со поместување на гранките налево /надесно ќе се избегне поткастрување на овие дрва. Најблиску до објектот на источната страна, во непосредна близина на влезот за ковид пациенти се наоѓа зимзелено дрво кое надвиснува на кровот и ги засенчува просториите во | • Изведувач<br>• Надзор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | овој дел на приземјето. Дрвото во долниот дел е веќе скастрено. При изведување на градежните работи за реконструкција на фасада на објектот Изведувачот е потребно со помош на јаже/мрежа соодветно да ги помести гранките.<br><br>На оваа страна се наоѓаат уште две високи дрва: багрем на источната страна и зимзелено дрво во близина на котларата за кои исто така е потребна добра организација /повлекување на гранките со јаже за да се избегне нивно поткастрување.<br><br>Согласно решението со број 10-106/1 донесено по увидот на лице место на објектот на ЗП Демир Капија на КП бр.4203 КО Демир Капија констатирано е дека постојат стебла на помала оддалеченост од 1.5m од ѕидот на објектот и истите можат да претставуваат пречка за поставување на скеле при предвидента реконструкција на објектот. Има и гранки од стебла кои исто така може да се пречка при изведување на градежни работи. Од причина што стеблата имаат достигнато физиолошка зрелост, дел од овие стебла може да се исечат, а проблематичните гранки да се поткастрат.<br><br>Погоре посочените високи дрва, за време на изведување на градежните активности ќе се означат и опкружат со ограда, ќе се заштити нивниот коренски систем и ќе се избегне секое нивно оштетување.<br><br>Отпадот нема да се одлага на диви депонии, каменоломи или депонии за отпад во соседните области.<br><br>По завршувањето со градежните/монтажните активности, локацијата треба да се врати во првобитна состојба, а доколку тоа не е можно, истата ќе биде соодветно рехабилитирана, како што е евидентирано во извештајот од „еколошката ревизија пред изградбата“ подготвен од ЕСП. | • општински и државни инспектори за животна средина |
| **H.** Отстранување на медицински отпад | Инфраструктура за управување со медицински отпад | Здравствената станица поседува склучен договор со овластен собирач на медицински отпад со цел и негово натамошно отстранување во оперативната фаза. Договорот соодветно ќе се обновува по истекот за време на оперативната фаза. | • Изведувач<br>• Надзор<br>• општински и државни инспектори за животна средина |
| **I.** Безбедност на сообраќајот и пешаците | Директни или индиректни опасности за јавниот сообраќај и пешаците од градежните активности | Градилиштето ќе биде соодветно обезбедено од страна на Изведувачот.<br><br>Потребно е корисниците на објектот како и на околните индивидуални, станбени и деловни објекти навремено да се информираат за претстојните работи;<br><br>Поставување на знаци, предупредувачки знаци, бариери (вертикална сигнализација и знаци на градилиштето): граѓаните да бидат предупредени за потенцијалните опасности;<br><br>Треба да се обезбедат и да се постават соодветни предупредувачки ленти и знаци;<br><br>Забранет влез на невработени лица во дворот на зградата; | • Изведувач<br>• Надзор<br>• општински и државни градежни инспектори |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Поставување посебен режим на сообраќај за возилата на изведувачот за време на периодот на реконструкција на здравствената станица и поставување на знаци за безбедност, проток на сообраќај и пристап до дворот на здравствената станица;<br>Да се осигура безбедност за пешаците. Посебен фокус на безбедноста на граѓаните доколку проектните активности се одвиваат за време на добивање на услуги (оградување на локацијата, поставување безбедни коридори и сл.).<br>Приспособување на работното време во согласност со начинот на кој се одвива локалниот сообраќај, на пр. избегнување поголеми транспортни активности за време на сообраќаен метеж или време на движење на дотур на роба. | |

**Оперативна фаза за реконструкција на *ЈЗУ ЗД Неготино, здравствена станица Демир Капија* со мерки за енергетска ефикасност**

| ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА НА МЕРКИТЕ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЈАТА ВО ОПЕРАТИВНАТА ФАЗА | ОДГОВОРНОСТ |
| --- | --- |
| (a) ***План за редовно одржување на инсталациите за постигнување на ЕЕ*** (водовод, канализациона мрежа, струја, парно, покрив,) во рамките на зградата на здравствената станица.<br>• Обезбедување на енергетски сертификат за реконструираната зграда<br>(b) Достапен ***Прирачник за користење на рехабилитираната зградата на здравствената станица и нејзините инсталации за постигнување на ЕЕ*** (водовод, канализациона мрежа, електрична енергија, греење, покрив)<br>• Евиденција дека персоналот на здравствената станица е информиран и обучен за мерките за ЕЕ и мерките за употреба/корективни мерки на релевантните инсталации<br>(c) ***План за мониторинг на заштедата на енергија на дневно, месечно и годишно ниво***<br>(d) ***План за справување на персоналот и корисниците на здравствените услуги во случај на земјотрес*** и напуштање на зградата<br>• Евиденција дека персоналот на здравствената станица е информиран и обучен за реакција во случај на земјотрес, вежбата треба да биде направена пред примо-предавањето на објектот<br>(e) ***План за евакуација во случај на пожар и негово редовно ажурирање*** како што е регулирано во Законот за противпожарна заштита<br>• Евиденција дека персоналот на здравствената станица е информиран и обучен за мерките за евакуација; противпожарна вежба треба да биде направена пред примо-предавањето.<br>(f) ***План за управување со медицински отпад*** достапен за здравствената станица и склучени соодветни договори со овластени компании за собирање, транспортирање и депонирање на медицинскиот отпад. | • Изведувачот ги подготвува плановите во комуникација со институцијата-корисник<br>Да биде одобрен од:<br>• Надзор<br>• ЗС; МЗ и претставници на Одбор на корисници<br>• ПЕЕЈС ЕСП<br>• Соодветни институционални тела каде што е применливо |

## Дел 2: Мониторинг план за следење на спроведувањето на мерките за ублажување на влијанијата

| **Кој** параметар треба да се следи? | **Каде** треба да се следи тој параметар? | **Како** треба да се следи тој параметар (што треба да се следи и како)? | **Кога** треба да се следи тој параметар (време и зачестеност) | **Од кого** треба тој параметар да се следи (одговорност)? | **Колкав** е трошокот поврзан со спроведувањето на мониторингот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подготвителни работи за реконструкција на ЈЗУ ЗД Неготино, здравствена станица Демир Капија со мерки за енергетска ефикасност** | | | | | |
| 0. Општи услови<br>Безбедност на заедницата и мерки за безбедност и здравје при работа за работниците | На локацијата<br>Проверка на дневните листи за усогласеност на Изведувачот | Се проверува дали има јавно известување кое содржи информации за инвеститорот, изведувачот и надзорот, како и за механизмот за поплаки, достапноста на сандачето за жалби и за Одборот на корисници<br>Дали оградувањето и обележувањето на локацијата е соодветно направено за да се спречат здравствени и безбедносни ризици - механички повреди на работниците, пациентите, персоналот и посетителите.<br>Дали е обезбеден безбеден пристап и мобилност на сите (работници, пациенти, персонал и посетители) кои ќе бидат засегнати во близина на локацијата на проектот и во внатрешноста на зградата. | Пред почетокот на работите<br><br>Постојано, на почетокот на секој работен ден од страна на управителот на Изведувачот | Надзор претставни од здравствената станица | Вклучено во буџетот на проектот/ изведувачот |
| 0. Општи услови<br>Обезбедени сите потребни дозволи и планови | Во Управата во Министерството за здравство и *ЈЗУ ЗД Неготино, Здравствена станица Демир Капија* | Проверка на сите потребни дозволи и документи: Елаборат за безбедност и здравје при работа, План за евакуација во случај на пожар, план за превенција од Covid-19, План за управување со градилиштето и План за управување со отпад | Пред да започнат работите | Надзор<br>Претставник од здравствената станица | Вклучено во буџетот на проектот/ изведувачот |
| 0. Општи услови<br>Превенција на несреќи | На локацијата | Преку проверка дали има комплети за чистење на истекувањата, противпожарни апарати, дали возилата и опремата се во работна состојба на локацијата на здравствената станица Демир Капија | Пред почетокот на работите | Надзор<br>претставник од здравствената станица/МЗ | Вклучено во буџетот на проектот/ изведувачо |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Општи услови<br>Работни односи | На локацијата/<br>Документација на изведувачот | Проверка дали работниците се информирани за шемата за движење, создавањето бучава и внимателното однесување за време на работата<br>Проверка дали е достапен интерен механизам за поплаки за работниците | Пред почетокот на работите | Надзор<br>претставник од здравствената станица/МЗ | Вклучено во буџетот на проектот/ изведувачот |
| **Градежни работи за реконструкција на ЈЗУ ЗД Неготино, здравствена станица Демир Капија со мерки за енергетска ефикасност** | | | | | |
| А. Активности за реконструкција<br>Емисии во воздухот и квалитет на воздухот (прашина) | На и околу локацијата | Мерење на концентрација на прашина во воздухот во случај на поплаки од жителите/корисниците | По жалба | Акредитирана лабораторија/ Надзор; Изведувач; | Вклучено во буџетот на проектот/ изведувачот |
| А. Активности за реконструкција<br>Нарушување од бучавата | На локацијата | Мерење на нивоата на бучава треба да се изврши во случај на поплаки од корисниците и негативни наоди од Надзорот/ЕСП. | По жалба | Акредитирана компанија за мерење на нивото на бучава обезбедена од изведувачот; Овластен инспектор за животна средина, Градежен инспектор | Вклучено во буџетот на проектот/ изведувачот |
| А. Активности за реконструкција<br>Квалитет на вода и заштита на почвата | На локацијата/<br>Документација на Изведувачот | Со проверка на искористеноста и испуштањето на водата на Изведувачот на локацијата на проектот | Во почетокот на работите, потоа неделно | Изведувач, Надзор, градежен инспектор, ПЕЕЈС ЕСП | Вклучено во буџетот на проектот/ изведувачот |
| А. Активности за реконструкција<br>Управување со отпад | Визуелни проверки на локацијата /<br>Документација на изведувачот | Преглед на документацијата – идентификација на типот на отпад според Листата на видови на отпад, евидентни/транспортни листови за транспорт, доказници за депонираните количини отпад во посочената депонија и други овластени компании за постапување со отпад;<br>Со визуелна проверка, управување со инертниот отпад на локацијата (достапност на контејнери, чистење, итн.) | На почетокот на работите, потоа периодично и на крајот | Изведувач,<br>Надзор,<br>Претставник од здравствената станица/МЗ ПЕЕЈС ЕСП | Вклучено во буџетот на проектот/ изведувачот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| А. Општи услови<br><br>Механизам за поплаки | Визуелни проверки на објектот/ Документација на изведувачот и на корисникот | Со проверка на достапноста на:<br>- Формулар за поплаки на здравствените работници<br>- Формулар за поплаки од работниците на градилиштето<br>- Образец за поплаки од корисниците и граѓаните<br>Проверка на ефикасен и ефективен одговор на поплаките | На почетокот на работите, потоа периодично и на крајот | Изведувач,<br>Надзор,<br>здравствената станица/МЗ<br>ПЕЕЈС ЕСП | Вклучено во буџетот на проектот/ изведувачот |
| В. Индивидуален систем за третман на отпадни води | Визуелни проверки на локацијата | Со проверка на решението за отпадни води на зградата на здравствената станица<br>Со проверка на санитарните решенија за работниците и третман и/или отстранување на отпадните води | На почетокот на работите, потоа периодично и на крајот | Изведувач,<br>Надзор,<br>Претставник од здравствената станица/МЗ ПЕЕЈС ЕСП | Вклучено во буџетот на проектот/ изведувачот |
| Г. Историска зграда(и) | Проверка на документацијата на ЕИП на ПЕЕЈС и МЗ | Преку проверка, објектот не е наведен во националната листа на заштитени/означени/заштитени историски/културни објекти<br>Да се провери дали проект-менаџерот на Изведувачот е информиран и свесен за процедурата при „Случајни наоди“ | Пред отпочнување на работите, а потоа на крајот | Изведувач,<br>Надзор,<br>Претставник од здравствената станица/МЗ<br>ПЕЕЈС ЕСП | Вклучено во буџетот на проектот/ изведувачот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| F. Токсични/опасни материјали<br><br>Управување со опасен отпад (вклучувајќи азбест) | Визуелна проценка на лице место (контејнери за опасен отпад и документација) | - Да се провери дали работниците се сертифицирани и опремени за демонтажа и управување со азбестниот отпад; доколку локацијата е соодветно заштитена<br>- Правилното ракување и складирање се проверува според листите со податоци за безбедност на материјалите (MSDS)<br>- Визуелна проверка и преглед на документи во смисла на: (1) соодветно собирање и складирање на опасни и токсични материи (вклучувајќи гориво) и отпад, (2) соодветно предавање на овластена компанија за транспорт и (3) отстранување на депонијата Дрисла<br>- Преглед на декларации за купена боја и растворувачи (избегнување на опасни бои и растворувачи) | Континуирано, кога ќе се отстранат остатоците | ПЕЕЈС ЕСП Надзорен инженер, инспекција<br>Изведувач<br>Надзор<br>Претставник од здравствената станица/МЗ | Вклучено во буџетот на проектот/ изведувачот |
| G. Заштита на природата | На локацијата и околу градилиштето | Визуелни проверки | Периодично | Изведувач супервизор<br>Претставник од здравствената станица/МЗ ПЕЕЈС ЕСП | Вклучено во буџетот на проектот/ изведувачот |
| H. Отстранување на медицински отпад<br>Инфраструктура за управување со медицински отпад | Визуелни проверки на локацијата /<br>Документација на изведувачот | Преку визуелна проверка, инертниот отпад од активностите за реконструкција и цврстиот отпад од работниците на локацијата не се мешаат со медицинскиот отпад во здравствената станица. | На почетокот на работите и секојдневно | Изведувач,<br>Надзор,<br>Претставник од здравствената станица/МЗ ПЕЕЈС ЕСП | Вклучено во буџетот на проектот/ изведувачот |
| I. Безбедност на сообраќајот и пешаците<br>Управување со транспорт и материјали | На локацијата | Визуелни проверки за тоа како се отстрануваат материјалите и дали се правилно транспортирани | Редовно | Изведувач<br>Надзор | Вклучено во буџетот на проектот/ изведувачот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| I. Безбедност на сообраќајот и пешаците<br>Директни или индиректни опасности за јавниот сообраќај за време на активностите за реконструкција | На локацијата | Проверка на документацијата:<br>Дали се известени сите надлежни органи,<br>Дали се добиени сите потребни дозволи и одобренија,<br>Дали е соодветно означено<br>Визуелна проверка на транспортот на материјали, ходници и премини, регулирање на сообраќајот и сл. | Континуирано | Изведувач<br>Надзор<br>Претставник од здравствената станица/МЗ | Вклучено во буџетот на проектот/ изведувачот |
| **Кој**<br>параметар треба да се следи? | **Каде**<br>треба да се следи тој параметар? | **Како**<br>треба да се следи тој параметар (што треба да се следи и како)? | **Кога**<br>треба да се следи тој параметар (време и фреквенција) | **Од кого**<br>треба тој параметар да се следи (одговорност)? | **Колкав**<br>е трошокот поврзан со спроведувањето на следењето |
| **Оперативна фаза - реконструкција на ЈЗУ ЗД Неготино, здравствена станица Демир Капија со мерки за енергетска ефикасност** | | | | | |
| План за редовно одржување на инсталациите за постигнување на ЕЕ (водовод, канализациона мрежа, струја, парно, покрив,) во рамките на болничката зграда | Визуелна проценка на лице место и проверки на документацијата | Преглед на Планот за редовно и превентивно одржување<br>Проверка дали е издаден енергетски сертификат за рехабилитираната зграда | Пред предавањето на санираните работи во здравствената станица | Претставници од Министерството за здравство и директор на ЈЗУ Неготино, Комунален инспектор на општина Демир Капија Одговорни лица вработени во здравствената станица | Буџет на проектот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Прирачник за користење на рехабилитирана амбулантна зграда и инсталациите за постигнување на ЕЕ (водовод, канализациона мрежа, струја, парно, покрив). | Визуелна проценка на лице место и проверки на документацијата | Преглед на Прирачникот за употреба и постигнување на целите за ЕЕ<br>Уверување дека персоналот од здравствената станица е информиран и обучен за мерките за ЕЕ и употребени/корективни мерки за релевантните инсталации | Пред предавањето на санираните работи во здравствената станица | Претставници од Министерството за здравство и директор на ЈЗУ Неготино, Комунален инспектор на општина Демир Капија Одговорни лица вработени во здравствената станица | Буџет на проектот |
| План за следење на заштедата на енергија и $CO_2$ на дневно, месечно и годишно ниво | Визуелна проценка на лице место и проверки на документацијата (планови и списоци со докази) | Преглед на Планот за следење<br>Да се обезбеди дека назначениот персонал е информиран и обучен за задачите за следење и евиденција. | Пред предавањето на санираните работи во здравствената станица | Претставници од Министерството за здравство и директор на ЈЗУ Неготино, Комунален инспектор на општина Демир Капија Одговорни лица вработени во здравствената станица | Буџет на проектот |
| План за реагирање на персоналот и пациентите во случај на земјотрес и напуштање на зградата | Визуелна проценка на лице место и проверки на документацијата | Утврдување дека персоналот е информиран и обучен за однесувањето во случај на земјотрес, изведени се вежби пред предавањето | Пред предавањето на санираните работи во здравствената станица | Претставници од Министерството за здравство и директор на ЈЗУ Неготино, Комунален инспектор на општина Демир Капија Одговорни лица вработени во здравствената станица | Буџет на проектот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| План за евакуација во случај на пожар и негово редовно ажурирање согласно регулирањето во Законот за противпожарна заштита | Да се утврди дека се спроведуваат сите мерки за заштита од пожари | Разгледување на Планот и предлог мерки за противпожарна заштита<br>Да се осигура дека персоналот на здравствената станица е информиран и обучен за мерки за евакуација. Противпожарната вежба е направена пред предавањето | Пред предавањето на санираните работи во амбуланта | Претставници од Министерството за здравство и директор на ЈЗУ Неготино Комунален инспектор на општина Демир Капија Одговорни лица вработени во здравствената станица | Буџет на проектот |
| Планот за управување со медицинскиот отпад е достапен и има соодветни договори со овластени компании за собирање, транспортирање и отстранување на медицински отпад | Визуелна проценка на лице место и проверки на документацијата | Соодветно собирање и складирање на опасни и токсични материи (вклучувајќи медицински инфективен отпад) и друг течен отпад<br>Потпишани договори за транспорт, отстранување и согорување на опасен отпад (вклучувајќи медицински инфективен отпад) само од овластени компании, | Континуирано по примопредавањето на рехабилитираната здравствена станица | Претставници од Министерството за здравство и директор на ЈЗУ Неготино, Комунален инспектор на општина Демир Капија Одговорни лица вработени во здравствената станица | Буџетот на здравствената станица |
| Процедури за менаџирање на работниците кои се применуваат за целиот медицински персонал | Визуелна проценка на лице место и проверки на документацијата | Визуелна евалуација и проверка дали се применети сите мерки за здравствена заштита за медицинските работници<br>Медицинската ОЛЗ е обезбедена во соодветен квантитет на секое медицинско лице | Секој ден пред почетокот на активностите за медицинска заштита, активности за чистење и сл. во рехабилитираната амбуланта | Претставник од здравствената станица во Демир Капија<br>Инспектор за труд | Буџетот на здравствената станица |

## АНЕКС 1: Образец за жалба за градежна фаза од проектот

<table>
<tr><td>Референтен број</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Целосно име и презиме (незадолжително)<br>☐ Сакам да ја поднесам мојата жалба анонимно<br>☐ Барам мојот идентитет да не се објавува без моја согласност</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Информации за контакт<br><br>Ве молиме означете како сакате да бидете контактирани (по пошта, по телефон, по електронска пошта).</td><td colspan="2">☐ По пошта: Ве молиме наведете ја адресата:<br>____________________________________________<br>____________________________________________<br>__________<br>☐ По телефон: ________________________________<br>☐ По електронска пошта:_____________________________</td></tr>
<tr><td>Преферирaн јазик на комуникација</td><td colspan="2">☐ Македонски<br>☐ Албански<br>☐ друг: ___________________</td></tr>
<tr><td>Пол</td><td colspan="2">☐ женски<br>☐ машки</td></tr>
<tr><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Опис на случајот кој довел до жалбата</td><td>Што се случило? Каде се случило? Кому се случило? Каков е резултатот од проблемот?</td></tr>
<tr><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td>Датум на случката / жалбата</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2">☐ Едконкратна случка/жалба (датум ________________)<br>☐ Се случило повеќе од еднаш (колку пати? ______)<br>☐ Во тек (тековно се соочувам со проблемот)</td></tr>
<tr><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td colspan="3">Што би сакале да се направи?</td></tr>
<tr><td colspan="3"></td></tr>
</table>

Потпис: ________________________________
Датум: ________________________________

*Ве молам пратете го овој образец до:*

До: ___________________

Електронска адреса: ________________________

Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор
Министерство за финансии
Ул. Даме Груев бр. 12, 1000 Скопје, Р.С. Македонија

## Анекс 2: Клучни елементи кои треба да се земат во предвид за Планот за организација на градилиштето

Клучните елементи кои треба да се земат во предвид за Планот за организација на градилиштето (ПОГ) се дел од Планот за управување со животната средина и социјалните работи (ПУЖССР) за Проектот за реконструкција и адаптација на зградата на ***ЈЗУ ЗД Неготино, здравствена станица Демир Капија***. Целта на Клучните елементи кои треба да се земат во предвид за Планот за организација на градилиштето е да обезбеди основа за организација на градежните работи и планирање на локацијата.

Специфичната и чувствителна природа на работата во ***ЈЗУ ЗД Неготино, здравствена станица Демир Капија*** налага внимателно планирање и спроведување на работите за реконструкција и адаптација предвидени со деталниот проект со цел да се минимизираат и ублажат негативните влијанија врз корисниците во текот на работите. Поради ова, понудувачот е одговорен да подготви детален план за управување со локацијата како дел од предлогот на понудата. Понудувачот, исто така, може да укаже на какви било други нејаснотии, прашања и предуслови поврзани со ефикасно и непречено изведување на работите во рамките дадени во Клучните елементи кои треба да се земат во предвид.

Понатаму, избраниот изведувач ќе се консултира и евентуално ќе го приспособи предложениот ПОГ со Одборот на корисници и ќе добие одобрение од ЕСП на ПЕЕЈС пред почетокот на работите.

ПОГ во понудата треба да се подготви врз основа на овие Клучни елементи кои треба да се земат во предвид за градежната локација и организација на работата на зградата на клиниката како што е предложено во мапата.

**Забелешки:**

- Реконструкцијата ќе се изведе во 2 фази. Активностите од првата фаза се однесува на изведба на работите во внатрешноста на објектот, каде првично реконструкцијата ќе започне од првиот кат, односно од делот на патронажната служба, по што ќе следи изведба на работите во стоматолошката ординација. Потоа, ќе се пристапи со изведба на работите на приземјето каде се лоцирани двете амбуланти за општа медицина кои се со најголема фреквенција на пациенти. За внес на материјали, работниците на изведувачот ќе го користи влезот од страна на аптеката која не е во употреба. Тоа ќе овозможи непречено движење на вработените и пациентите од главниот влез на објектот. Воедно, тоа ќе овозможи непречено изведување на работата по одделенија.
- Втората фаза подразбира изведба на градежни зафати на надворешниот дел од објектот, каде ќе биде поставено скеле и заштитна мрежа во висина на објектот. Изведбата на фасадата ќе се одвива постапно, страна по страна.
- Изведувачот треба да ги планира своите работни задачи и динамичкиот план во соработка со Медицинскиот персонал. За да може концесионерите да го адаптираат своето работење и за да се организира работата на здравствената станица, потребно е да се знае точниот обем, распоред и времетраење на градежните работи. За таа цел, временскиот и просторниот распоред предложен од страна на проектантите ќе се потврди/ревидира во координација со изведувачот како би можеле во најкус можен рок секој оддел да се стави во употреба.
- При изведување на зафатите во внатрешниот дел на објектот, заложба на претставниците од одборот на корисници е да бидат извршени што е можно побрзо и поефикасно. Се препорачува истите да бидат извршени за време на викендите за што е потребно предвидување на средства во финансиската конструкција.
- Изведувачот треба да обезбеди објект за чување на опремата и тоалет поставен на однапред определено слободно место во дворот на објектот.
- Информациите за движењето на работниците ќе бидат поставени на надворешниот дел на објектот. Информативни ленти и табла ќе бидат поставени на влезната врата на објектот. Знаци за забрането движење на работниците ќе бидат поставено пред вратите на просториите кои во тој момент нема да бидат предмет на градежен зафат. Информативна табла за работниците

треба да биде поставена во објектот кој работниците ќе го користат како контејнер за опремата, пресоблекување и користење на тоалет. На видно место, на информативна табла треба да се објават формуларите за жалби и поплаки на кои се наведени контакти од лицата од ЈЗУ и проектната единица до кои работниците, вработените во ЈЗУ и пациентите можат да доставаат поплака во однос на изведбата. Предупредувачки ленти со кои се ограничува движењето на корисниците ќе бидат поставени пред секоја просторија која во тој момент се одвива реконструкција.

- Корисникот, *ЈЗУ ЗД Неготино, Здравствена станица Демир Капија* е одговорна да ги добие сите потребни административни дозволи од надлежните органи, да ги информира своите корисници за градежните активности, да ги пренасочува пациентите во деловите каде што е преместена здравствената ординација и да ги организира своите секојдневни услуги за пациентите пред отпочнување на градежните активности.
- *ЈЗУ ЗД Неготино, Здравствена станица Демир Капија* ќе биде отворена во најголем дел од изведбата на градежните работи.
- Сите други мерки наведени во деталниот ПУЖССР мора да се разгледаат, испланираат и целосно да се имплементираат од страна на изведувачот.
- Изведувачот строго ќе се придржува кон усвоениот ***План за управување со градилиште***. Од страна на изведувачот, а во комуникација и координација со Одборот на корисници треба да биде идентификувано местото за привремено складирање и управување со материјалите и отпадот и истото да биде оградено (согласно предложеното на слика 1 во Анекс 2). Идентификуваните локации за складирање треба да бидат организирани, а предложената динамика за имплементација на проектот од страна на Клиентот треба да биде договорена на начин што ќе обезбеди непрекината работа и на Изведувачот и на ЈЗУ, но и безбедно движење на вработените и пациентите, целосно во согласност со здравствените, безбедносните, како и еколошките и социјалните барања поставени во овој ПУЖССР. Предложениот организациски план и план за имплементација на локацијата во тендерската документација ќе биде повторно потврден од страна на Изведувачот и одобрен пред почетокот на работата.

**Организација на работата:**

- Изведувачот ќе изготви и спроведе *План за итна евакуација и спасување за градежната фаза*.
- Сите транспортни и градежни возила ќе бидат лоцирани и ракувани во оградената градежна локација само како што е наведено во предложениот распоред на локацијата.
- Изведувачот ќе постави скеле во висина на објектот. Изведбата на фасадата ќе се одвива постапно, страна по страна. Скелето треба да бидат оградено и покриено со мрежа за да се овозможат безбедни услови за работа.
- Следствено, се очекува Изведувачот да обезбеди најмалку 30 постојани работници во текот на целокупната реализација на проектот.
- Изведувачот ќе обезбеди јасни и видливи известувања за работните површини и безбедното движење на градежната локација и зградата како што е наведено во распоредот на локацијата, како и упатства за безбедност, кога и каде е потребно.
- Безбедното поминување на вработените во здравствената станица и посетителите/пациентите ќе биде обезбедено во секое време во текот на градежниот период. Преминот ќе биде јасно означен и лесен за разликување и следење од страна на корисниците на зградата.
- Изведувачот ќе ги обезбеди сите неопходни средства и активности за да се избегне мешање помеѓу работниците и пациентите/персоналот до максимално можно ниво.

**Планирање на градежната локација:**

Градежната локација треба да се организира на начин да овозможи безбедни и соодветни услови за работа, а од друга страна да овозможи безбедно движење на јавноста, вработените и пациентите. Надворешната граница на градилиштето (сина линија на индикативниот распоред на локацијата) мора да биде оградена со лимени плочи.

Слика 1 дава индикативен распоред на локацијата на градежната површина во однос на планирањето.



## АНЕКС 3: Симулација на потенцијал за заштеда на енергија во стандардизирана состојба

Во табелата подолу внесени се: тековната и проектираната потрошувачка на енергија, потоа емисиите (сегашни и проектирани, како и заштедите) на $CO_2$ на годишно ниво.

Напомена: пресметките за сегашната потрошувачка на енергија и $CO_2$ се направени за **стандардни услови на работа**, како и новопроектираната состојба (односно при услови на работа на целиот капацитет на зградата со неопходното ниво на конфор).

| | **Просечна годишна потрошувачка пред мерки (период 2019-2021)** | **Годишна по имплементација на проектот (проценето)** | **Годишни заштеди (проценети)** |
|---|---|---|---|
| **Потрошувачка на електрична енергија (за други потреби освен греење)** | 43.434,12 kWh/год [1] | 27.929,4 kWh/год[2] | 15.504,72kWh/ год |
| **Потрошувачка на топлинска енергија за загревање** | 104.976,58 kWh/год[3] | 14.400,00 kWh/ год [4] | 90.576,58 kWh/ год |
| **Вкупни $CO_2$ емисии** | 135,8 t/год[5] | 38,73 t/год | 97,06 t/год |

[1] Податок превземен од Табела број 50 од техничкиот извештај за енергетската контрола
[2] Податок превземен од Табела број 50 од техничкиот извештај за енергетската контрола
[3] Податок превземен од техничкиот извештај за енергетската контрола, поглавје 5.9
[4] Податок превземен од Табела број 50 од техничкиот извештај за енергетската контрола
[5] Пресметка согласно *Правилник за енергетска контрола (Прилог 4, Анекс 2)* каде коефициентот за $CO_2$ емисии од електрична енергија во РСМ е 0,915 $kgCO_2/kWh$